# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.10 од 22.01.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 92/2007, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12 и 163/13) во членот 42 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Од извршениот мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, акредитираните научни, стручни организации и институции, како и други правни лица подготвуваат извештај од спроведените мерења.

(5) Формата, содржината, начинот и рокот за доставување на извештајот од спроведените мерења од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина."

**Член 2**

Во членот 47 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) Лицата од ставот (1) на овој член, не можат следењето на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух да го доверат да го вршат научни и стручни организации или други правни лица кои се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух во кој истите имаат сопственички или акционерски удел од најмалку 10%, без оглед дали тие правни лица имаат седиште во земјата или во странство.

(4) Во случаите од ставот (2) на овој член, следењето на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух лицата од ставот (1) на овој член се должни да го вршат преку научни и стручни организации или други правни лица акредитирани од Институтот за акредитација на Република Македонија или научни и стручни организации или други правни лица акредитирани од акредитициони тела во земјите Швајцарија, Германија, Велика Британија, Франција, Финска, Шведска, Данска и Холандија.

(5) Листа на научни и стручни организации за следењето на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух акредитирани од Институтот за акредитација на Република Македонија како и национални акредатициони тела во земјите Швајцарија, Германија, Велика Британија, Франција, Финска, Шведска, Данска и Холандија, објавува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на предлог на Институтот за акредитација на Република Македонија.

Ставот (3) станува став (6).

Во ставот (4) кој станува став (7) зборовите: „од ставот (3)" се заменуваат со зборовите:

„од ставот (6)".

Ставот (5) станува став (8).

**Член 3**

Во членот 76 став (1) точките 1) и 2) се бришат.

Точката 3) кој станува точка 1) се менува и гласи:

„не води дневник за изворите на емисиите на пропишан согласно член 45 став (1) точка 2) на овој закон."

Точката 4) се брише.

Точките 5), 6), 7) и 8) стануваат точки 2), 3), 4) и 5).

**Член 4**

Во членот 77 став (1) по точката 3 се додаваат три нови точки 3-а), 3-б), 3-в и 3-г) кои гласат:

„3-а) врши определени стручни работи за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, спротивно на пропишаните услови (член 42 став 2);

3-б) не инсталира и не ги одржува во исправна состојба мерните инструменти за следење на емисиите на местото на изворот (член 45 став (1) точка 1);

3-в) извештајот од спроведените мерења е неточен и содржи не вистинити податоци (член 42);

3-г) не изгради систем за следење на изворите на емисиите и за контрола на квалитетот на амбиентниот воздух (член 47 став (1);

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице од став (1) точка 3-в на овој член му се изрекува прекршочна санкција забрана на вршење на дејност на правното лице."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".